**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ВЕДНАШ**
**April 21, 2015**
**Press office: +389 (0)2 3115-244**
**Cell phone: +389 (0)70 314261**
Email: info@fulm.com.mk www.fulm.com.mk

Информации за печатот

**Во Брисел промовирана Европска парламентарна група заинтересирана за кредитни унии**

БРИСЕЛ – Европската парламентарна група заинтересирана за кредитни унии е промовирана во Европскиот парламент во Брисел. Кредитните унии се финансиски институции кои се залагаат да се минимизира финансиската исклученост во Европа.

Во Европската парламентарна група заинтересирана за кредитни унии има членови на Европскиот парламент, кои ги поддржуваат кредитните унии во земјите на Европа. Заменик претседателот на Европскиот парламент **Ryszard Czarnecki** (Полска) и европратеникот **Marian Harkin** (Република Ирска) се ко-претседатели на Европската парламентарна група заинтересирана за кредитни унии. При промоцијата, пред европските пратеници и официјални претставници од Австрија, Финска, Република Ирска, Луксембург, Полска и Велика Британија и Постојаната мисија на Македонија во ЕУ, е презентирано како регулаторното оптоварување влијае на напорите на кредитните унии за промовирање на финансиско вклучување. Воедно е анализирана регулаторна средина што ќе привлече поголем број на финансиски институции да се ангажираат за финансиската вклученост на населението.

На промоцијата, Елеонора Згоњанин Петровиќ, Управител на Штедилница ФУЛМ Скопје ја презентираше улогата на ФУЛМ во поддршка на поголема финансиска вклученост на луѓето во Македонија.

На промоцијата е цитирана изјавата на Димитар Богов, Гувернер на Народна банка на РМ дека "кредитните унии го покриваат сегментот на пазарот во кој банките се помалку заинтересирани. Во Република Македонија, Штедилница ФУЛМ го опслужува дел од сегментот на домаќинствата чиј пристап до банките е ограничен. Генерално, кредитните унии нудат услуги за домаќинствата со пониски приходи кои не се во главен фокус на работењето на банките. Оттука, ФУЛМ поддржува финансиско вклучување во заедницата "

На средбата во Европскиот парламент и лидерите на кредитните унии од Естонија, Велика Британија, Ирска, Република Македонија, Полска и Романија разговараа како кредитните унии играат важна улога во промовирање на финансиско вклучување на лицата со помали приходи, но и за обрврските со кои се соочуваат при зголеменото регулаторно известување. Европските кредитни унии се многу помали од европските банки и стапуваат во помалку ризични финансиски активности, но се предмет на многу директиви на ЕУ и прописи наменети пред се за банкарскиот сектор.

Организацијата на настанот беше реализирана од страна на Европската мрежа на кредитни унии (ENCU) и ја претставуваат финансиски институции од Велика Британија, Полска, Ирска, Естонија, Романија и Македонија.

***Белешка до уредниците:***

Штедилница ФУЛМ на македонскиот финансиски пазар е присутна уште од 1999 година.Основана е со поддршка од проектот за кредитни унии во Македонија, преку Светскиот совет на кредитни унии - WOCCU (www.woccu.org) и финансиран од страна на УСАИД (www.usaid .org.mk). Штедилницата ФУЛМ има мрежа на експозитури и шалтери: Филијала Муртино, Струмица, Филијала Полог,Тетово, Филијала ЈСП, Аеродром и шалтер во Автокоманда, Скопје, Филијала Тиквешија,Кавадарци, Филијала Битола , Битола .
Штедилница ФУЛМ го имплементира проектот Гаранција за микро кредити преку УСАИД Македонија. Штедилница ФУЛМ е членка на Светскиот совет на кредитни унии со седиште во Медисон, САД и основач на Европската мрежа на кредитни унии со седиште во Брисел. Штедилница ФУЛМ е партнер со Лигата на кредитни унии во Мичиген, САД (www.mcul.org) и Асоцијацијата на кредитни унии на Полска (www.skok.pl).